# Службен гласник
## на Општина Струмица

| Број 5 | Среда, 13 април 2022 год. |
|---|---|

www.strumica.gov.mk

**С о д р ж и н а**

**Градоначалник на општина Струмица:**


| Рег. бр. | | Стр. |
|---|---|---|
| **92.** | **Решение** за објавување на прописите и другите акти донесени на 8-та седница на Советот на општина Струмица ........................................ | 2 |


**Совет на општина Струмица**


| Рег. бр. | | Стр. |
|---|---|---|
| **93.** | Одлука за спроведување на проект „Мрежа на велосипедски градови“ (Акроним: „Велосипедски градови“) ...... | 2 |
| **94.** | **Одлука** за доделување парична помош на Ѓорги Брдаров од Струмица ................. | 3 |

**92.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на Општина Струмица**,** донесе:

**Р е ш е н и е**
**за објавување на прописите и другите акти донесени на 8-та седница на Советот на општина Струмица**

I.Се објавуваат прописите и другите акти донесени на 8-та седница на Советот на општина Струмица, одржана на 13.04.2022 година и тоа:

1.Одлука за спроведување на проект „Мрежа на велосипедски градови“ (Акроним: „Велосипедски градови“) број 08-2600/1 од 13.04.2022 година; и

2. Одлука за доделување парична помош на Ѓорѓи Брдаров од Струмица, број 08-2601/1 од 13.04.2022 година.

II. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 09-2622/2 Општина Струмица
13.04.2022 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Костадин Костадинов с.р.

........................................

**93.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 13.04.2022 година, донесе

**О д л у к а**
**за спроведување на проект „Мрежа на велосипедски градови“**
**(Акроним: „Велосипедски градови“)**

**Член 1**

Се прифаќа спроведување на проект **„Мрежа на велосипедски градови“ (Акроним: „Велосипедски градови“),** одобрен за финансирање во рамките на **вториот Повик за доставување на проектни предлози од Интеррег-ИПА Програмата за прекугранична соработка** меѓу Република Северна Македонија и Република Грција 2014-2020 (број на повик: 3971 - F2).

**Член 2**

Носител на проектот е **општина Серес**, Република Грција, а партнер во спроведувањето на проектот е општина Струмица, Република Северна Македонија.

**Член 3**

Проектот е усогласен со правилата на Интеррег-ИПА Програмата за прекугранична соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Грција 2014-2020, со Приоритетна оска 1 - Развој и поддршка на локалната економија, Специфична цел 1.3 - **„**Подобрување на атрактивноста и промоција на туризмот во прекуграничниот регион со цел зголемување на вработеноста во областа на туризмот.“

Вкупниот буџет на Проектен Партнер 3, општина Струмица, изнесува **184.875,00 Евра,** од кои 85% ќе бидат финансирани од фондовите на Европската Унија, додека останатите 15% ќе бидат финансирани од Владата на Република Северна Македонија.

**Член 4**

Се задолжува Одделението за Меѓународна соработка и Европски фондови при општина Струмица да ги презеде сите неопходни активности за успешно спроведување на проектот.

**Член 5**

Целиот имот на кој ќе се извршат инвестиции и сите средства кои ќе се набават во рамките на гореспоменатиот проект ќе се користат за остварување на целите на проектот, во период од пет (5) години, после неговото завршување, во согласност со член 71 од Регулативата (ЕУ) број 1303/2013.

**Член 6**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08- 2600/1 Совет на општина Струмица
13.04.2022 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

....................................

**94.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 13.04.2022 година, донесе

**О д л у к а**
**за доделување парична помош на Ѓорги Брдаров од Струмица**

Член 1

На Ѓорѓи Брдаров од Струмица, му се доделува парична помош во нето износ од 50.000,00 денари, како помош за понатамошно лекување.

Член 2

Доделените парични средства да се издвојат од Буџетот на општина Струмица за 2022 година и да се трансферираат на доставена трансакциска сметка.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-2601/1 Совет на општина Струмица
13.04.2022 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.
.............................